Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	Менаџмент во стоматологијата			
2.	Код	ОХИМС2			
3.	Студиска програма	Студии од I циклус за Стручни стоматолошки сестри - орални хигиенолози			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ - Стоматолошки факултет – Скопје, Катедра за стоматолошка протетика			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Прв циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	2	семестар	4
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	3			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Јулијана Николовска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот				
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Во рамките на теоретските предавања по предметот студентите ќе имаат можност да стекнат основни познавања за менаџментот и специфичностите на менаџмент во здравството, особено во стоматологијата.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава -предавања** **1. Менаџмент (основни поими)...1 час** Студентот ќе се запознае со основните дефиниции и значење на менаџментот како наука и практика. Ќе разбере како менаџментот се применува во контекст на здравствени институции. **2. Менаџмент на систем за здравствена заштита...1 час** Студентот ќе научи како функционираат системите за здравствена заштита и кои се специфичните менаџерски предизвици во тие системи. Ќе разбере како да ги координира ресурсите во здравствениот сектор. **3. Видови на здравствени установи и нивно менаџирање...1 час** Студентот ќе се запознае со различните типови на здравствени установи и нивната структура. Ќе научи како се управува со секој тип установа во зависност од нивната намена и големина. **4. Нивоа на менаџмент...1 час**				

		Студентот ќе ги разбере различните хиерархиски нивоа на менаџмент во организациските системи. Ќе научи кои се одговорностите на секое ниво и како тие комуницираат меѓусебно. **5. Функции на менаџмент...1 час** Студентот ќе научи за основните функции на менаџментот како што се планирање, организирање, водење и контрола. Ќе разбере како овие функции се применуваат во стоматолошка пракса. **6. Здравствена установа како организациски систем...1 час** Студентот ќе ја разбере здравствената установа како сложен систем со меѓусебно поврзани компоненти. Ќе научи како се структурира и управува една таква установа. **7. Лидерство како современ пристап во менаџментот...1 час** Студентот ќе се запознае со концептот на лидерство и неговото влијание врз менаџерскиот успех. Ќе научи како лидерските вештини се разликуваат од традиционалното управување. **8. Менаџмент и работна мотивација...1 час** Студентот ќе разбере како мотивацијата влијае врз продуктивноста и задоволството на вработените. Ќе научи различни пристапи за мотивирање на здравствен персонал. **9. Способности и улоги за успех на менаџерот...1 час** Студентот ќе ги научи потребните лични и професионални способности за успешен менаџер. Ќе разбере како да се справува со предизвиците и да ја води организацијата ефикасно. **10. Benchmarking – техника на менаџмент на вкупниот квалитет...1 час** Студентот ќе се запознае со концептот на benchmarking како метод за споредување и подобрување на квалитетот. Ќе научи како да ги применува овие техники во стоматолошка практика. **11. Стратегиски менаџмент...1 час** Студентот ќе научи како да развие и имплементира долгорочни стратегии во здравствени организации. Ќе разбере како да поставува цели и да носи информирани одлуки. **12. Претприемништво, мал бизнис, семеен бизнис...1 час** Студентот ќе научи основи на претприемништвото и како да започне сопствен бизнис. Ќе разбере разликите и предностите на семејните и мали стоматолошки практики. **13. Бизнис план...1 час** Студентот ќе научи како да изработи комплетен бизнис план за стоматолошка установа. Ќе разбере кои се клучните компоненти на еден успешен план. **14. Маркетинг менаџмент...1 час** Студентот ќе се запознае со маркетинг стратегиите применливи во здравството. Ќе научи како да ги анализира потребите на пациентите и да промовира стоматолошки услуги. **15. Деловна етика...1 час** Студентот ќе научи за етичките стандарди во деловното работење, особено во здравствениот сектор. Ќе разбере како да носи етички одлуки во управување со стоматолошка установа. **Вкупно 15 часа** **Вежби** Обработка на теми од соодветната материја, презентација на темите од страна на студентите и активно вклучување во студентите до дискусија за дадената проблематика **Вкупно 15 часа**
13	Заемна поврзаност на предметите	/
14.	Детален опис на наставните и	Интерактивна настава, работа во мали групи и други облици предвидени со заедничките критериуми на ЕКТС

	работните методи за предметот			
15.	Вкупен расположив фонд на време	**90 часа**		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	**15**
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	**15**
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	
		17.2.	Самостојни задачи: часови	**30**
		17.3.	Домашно учење - задачи	**30**
18	Услови за потпис	Присуство на 60% од предавањата и вежбите.		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови	40	
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	20	
	19.3.	Завршен испит: бодови	40	
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 59 бода	5 (пет) (F)	
		од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)	
		од 69 до 76 бода	7 (седум) (D)	
		од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)	
		од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)	
		од 93 до 100 бода	10 (десет) (A)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот		

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Николовска Ј. Коколански В.	Менаџмент во стоматологијата		
2.	Шуклев Б.	Менаџмент	Табернакул, Скопје	2011
3.				

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Micovic P.	Zdravstveni menadzment.	Komora zdravstvenih ustanova Srbije, Beograd	2008
2.	Katrova L.	Basic of Dental Health and Dental Practice Management		2013
3.				

2.	Код	ОХИГСТ2			
3.	Студиска програма	Студии од I циклус за Стручни стоматолошки сестри - орални хигиенолози			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ-Стоматолошки факултет –Скопје, Катедра за болести на устата и пародонтот (теоретска настава 8 часа, вежби 15 часа) и Катедра за стоматолошка протетика (теоретска настава 7 часа, 15 часа)			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Студии од I циклус за Стручни стоматолошки сестри - орални хигиенолози			
6.	Академска година / семестар	Година	2	семестар	4
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	3			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Вера Радојкова Николовска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	ислушани сите задолжителни предмети од прва година и положени сите задолжителни предмети од прва година			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	После слушање на предметот, во делот на меко-тивни нарушувања поврзани со староста, профилот кадри ќе се оспособи да ги препознае промените индуцирани од староста, и да ги разграничи промените предизвикани од староста и оние кои се последица на болест. Профилот стручни стоматолошки сестри ќе се здобијат со поширок познавања за процесот на стареење и промените во стоматогнатиот систем кои се случуваат кај геријатриските пациенти; ќе се оспособат за давање на совети за соодветна исхрана со цел да се подобри квалитетот на живот кај овие пациенти како и упатства за правилно одржување на оралната хигиена кај геријатриски пациенти носители на протетички надоместоци. Ќе може да ги упатува пациентите кон правилниот начин на исхрана, се со цел да го зголеми квалитетот на живот кај оваа категорија пациенти. Исто така од нив се очекува да даваат совети во сите сфери во кои ќе бидат оспособени со завршувањето на оваа студиска програма.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава -предавања Катедра за болести на устата и пародонтот:** **1. Поглавје** - Теориии и етиологија на стареењето.....1 час - Стареење, промени на меките ткива, дисфункции и нарушувања од орално медицински аспект.....1час -Стареење и специфични заболувања. Алцхајмерова болест, пациенти со посебни потреби и промени на оралната лигавица. ..... 2 часа - Промени поврзани со секреција на плунката, причини и последици…….. 2 часа -Промени на забни ткива, трошење на забите кај стари лица; промени на коскено -мускулни структури кај стари лица……..1час -Протетски помагала и можни реакции на оралната лигавица -протетски стоматит..... 1час **Теоретска настава - предавања Катедра за стоматолошка протетика**			